РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 09 - 3252/2
07-12-2020 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

**Предмет: Мислење**

До Државната комисија за спречување на корупцијата е доставено барање на мислење во однос на тоа дали може, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, В.Д. Директор на ЈУ Детска градинка, да аплицира во интерен оглас во истата институција каде и ја раководи истата.

По однос на предметното барање, Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 72 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија„ бр. 12/2019 од 19 јануари 2019 година), го издава следново:

**МИСЛЕЊЕ**

Државната комисија за спречување на корупцијата по разгледување на барањето констатира дека, согласно член 2 став 3 и член 3 став 1 и 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а во врска со член 143 став 6 од Законот за заштита на децата, во конкретниот случај постои состојба на судир на интереси, бидејќи В.Д.Директор во Јавната установа, функцијата ја извршуваа професионално, поради што е ставено во мирување редовното работно место во истата институција.

Имено во случај на постоење на судир на интереси, Државната комисија упатува на член 72 став 1и 2, член 73 и член 75 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:

**Член 72**

(1) Службеното лице во своето работење, е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување.

(2) Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен.

**Член 73**

(1) Ако службено лице учествува во расправа на орган или тело во кое се одлучува за работи за кои тоа или блиско лице има приватен интерес, службеното лице е должно да го пријави постоењето на приватниот интерес и да се изземе пред расправата и одлучувањето, а најдоцна пред почетокот на одлучувањето.

(2) Органот или телото на чија седница лицето од ставот (1) на овој член го соопштил постоењето на приватен интерес, е должно тоа да го констатира и внесе во записник.

07 -12- 2020

(3) **Прикривањето на постоење приватен интерес од страна на службеното лице претставува повреда на должноста и основа за покренување постапка за утврдување на одговорност и изрекување на мерки согласно со овој закон.**

**Член 75**

(1) Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување.

(2) Службеното лице ќе биде изземено од вршењето на определено дејствие со одлука на органот во кој е избрано или именувано, односно каде што врши функции, јавни овластувања или службени должности и по барање на заинтересирано лице кое дознало за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси.

Согласно начелото на интегритет, секој е должен во вршењето на службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.

Со почит,

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Заменик Претседател,
Софка Пејовска Дојчиновска

По заклучок на ДКСК
Изработил: Б.Ц.,Советник
Одобрил: К.Н., член на ДКСК